# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА

# ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ А.Д. КУМАНОВО

**За Период Јануари-Декември 2021година**

# СОДРЖИНА

Страна

1. Основни податоци за друштвото....................................................................2

2. Карактеристики и организациона структура на
ФЗЦ 11 Октомври А.Д. Куманово.....................................................................3

3. Управување со финансиски ризик и финансирање ......................................4

4. Инвестиции и вложување во развој...............................................................6

5. Основни показатели во физички обем за остварено производство
и остварена реализација....................................................................................7

6. Преглед на остварени економско финансиски резултати .........................11

- Показатели на финансиската стабилност за 2021 година...........................13

## 1. Основни податоци за ФЗЦ 11 Октомври А.Д. Куманово

ФЗЦ 11 Октомври основана е во далечната 1953 година, а првите искуства во областа на производството на цевки од челичен лим ги бележи во 1956 година.

Почетниот производен програм го сочинуваше широк асортиман на разновидни производи, каде што покрај заварени челични цевки се произведуваа и лимени конструкции, производи за домаќинство, угостителство и.т.н.

Меѓутоа, набргу од 1958 година Фабриката ја согледа потребата за специјализирано производство, кое од тогаш е насочено кон високо сериско автоматизирано производство на заварени челични цевки и профили од сите видови и димензии.

0д 2015 година, мнозинскиот акционер во ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово е Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Увоз-Извоз Куманово.

Примарна цел на мнозинскиот акционер е , пред се, враќање на пазарите на кои Компанијата веќе била присутна во минатото, како и освојување нови пазари, проширување на асортиман на производи, намалување на трошоците во производство и подобрување на работните процеси, зголемување на рентабилноста и конкурентноста со цел зголемување на приходите и профитот на самото друштво.

Денес ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово претставува гигант не само на овие простори туку и многу пошироко, со препознатливи производи од признаен квалитет према најновите национални, европски и светски стандарди (ДИН, БС, НФ, УНИ, ГОСТ, ЕН, ИСО, АПИ, АСТМ и.т.н.).

Разновидноста на формите и можноста за избор на челикот, отворија нови домени на примена, овозможувајќи им дури и на малите корисници да пристапат кон нивната употреба. Развојот во транспортот на флуиди и примена на цевоводи со цементна, епокси и полиетиленска заштита, ја диктираше експанзијата во областа на спроводни цевки. Истовремено, високата градба, индустриските, аграрните и спортските објекти, индустријата за транспортни средства, градежната браварија и изградба на сообраќајници, се само некои од можностите за употреба на цевки и профили како конструкциони елементи.

Иако најголемиот дел од производите се извозно ориентирани на пазарите во Западна Европа, во последната деценија во услови на големи политички, економски и социјални промени и трансформации, како и воени кризи и конфликти, Фабриката успеа не само да го задржи стекнатото реноме, туку и да постигне значителни резултати во обезбедување со квалитет, што се огледа во бројни сертификати од реномирани контролни институции ( ИСО 9001, ИСО 17025, АПИ, ТУФ, У. БИРЕАУ ВЕРИТАС, Германисцхер Лloѕд и.т.н.).

## *2.Карактеристики и организациска структура*

Управувањето во Фабриката е организирано според едностепен систем, и со неа управува Одбор на директори. Истиот се состои од 3 члена, од кои што 1 член е извршен директор а 2 члена се неизвршни директори.

Месечните примања на Извршниот член на Одборот на директори е согласно Договорот за утврдување на правата, обврските, одговорностите, платата и другите примања на Извршниот директор и изнесуваат 90.000,00 денари нето плата.

Извршниот директор нема примања во други друштва ниту пак имаат засновано работен однос кај други работодавачи.

Посебни бонуси за Извршниот директор нема.

Извршниот директор има посебно менаџерско осигурување и колективното осигурување со кое се опфатени вработените во Фабриката.

Месечните примања на неизвршните членови на Одборот на директори во текот на 2021 година, се по 20.000,00 денари.

На нето примања на неизвршните директори се плаќа персонален данок според утврдените законски прописи.

Фабриката е организирана во 11 ( единаесет ) организациони еденици и тоа:

1. Менаџмент, служба за внатрешна ревизија и инженер за безбедност и здравје при работа
2. Производство 1
3. Одржување и изработка на резервни делови
4. Производство 2
5. Управување со квалитет
6. Развој и подготовка
7. Комерцијала
8. Економика и финансии
9. Електронска обработка на податоци
10. Човечки ресурси
11. Правни работи

Фабриката има удел во мешовитото претпријатије во Комотини-Грција. Според Решение од Министерство за надворешни работи на РМ прашањето околу легална работа на нашите работници таму и понатаму останува отворено.

## *3.Управување со финансиски ризик и финансирање*

Економските предвидување претставуваат особен предвизик поради високото ниво на несигурност кој го доживеа светот во изминативе две години, кризата се претвори шок кој неминово ги погоди речиси сите економски субјекти.

Друштвото во своето работење беше изложено на повеќе видови на ризици како Што се: ризик од промена на девизните курсеви, пазарните вредности и цените, кредитен ризик, ризик од неликвидност и каматен ризик. Пристапот на Друштвото во управување со финансиски ризик е насочено кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и настојува да изнајде начин за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти

Макроекономските услови во кои друштвото ја остваруваше својата активност во текот на 2021та година беа условени од здравствената и економската криза. Рестриктивните мерки кои ги донесе владата во текот на 2021година,дополнително

влијаеа на економските резултати.Дополнително условени од геополитичките состојби, блокада на евроинтеграциските процеси доведе до негативни импликации на економската активност на друштвото,па така како и минатите години , и оваа тековна година, Фабриката покажа загуба, која што треба да се покрие од добивката остварена и во наредните години .

Во услови на значајно влошување на меѓународното економско опкружување не останува многу простор за некои поконкретни решенија во политиката на дивиденди.
Во текот на 2021 година Фабриката нема стекнато сопствени удели ниту сопствени акции.

За разлика од изминативе години кога Фабриката во најголем дел работеше со сопствени извори на средства, последниве години, поради потешкотии во одржување на ликвидноста приморани сме да работиме и со краткорочни и долгорочни задолжувања.

Потребите за набавка на основниот репроматеријал ги покрива деловната банка со издавање акредитиви на основ хипотека и залог дадени на дел од основни средства со претходно одобрен рамковен кредит од цирка 14.200.000 евра, притоа поради намалената деловна активност оваа задолженост према деловната банка при крајот на тековната година се намали. Фабриката поднесе ново барање за намалување на рамковниот револвинг кредит и крајната задолженост према деловната банка изнесува 8.000.000 евра, средства потребни за покривање на тековното работење.

При крајот на 2021година,Фабиката склучи договор за нов кредит со Комерцијална банка чија цел и намена беше за стекнување на основни средства.Овој кредит е дел горе споменатиот рамковен револвинг кредит на износ од 32.070.192,00ден. По основ на барање за приватизација на државно земјиште,на кое фабриката има право на располагање ,добиено е решение за приватизација на дел од земјиштето.Намената на овој кредит беше да, фабриката се стекне со правосилно решение и да го добие во своја сопственост земјиштето,што претставува важен настан за зголемување на вредноста на фабриката.

Што се однесува до политиката на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина можеме да кажеме дека Фабриката, заради одржување на ликвидноста и набавка на основен репроматеријал нема посебни големи долгорочни задолжувања.

Мнозинскиот акционер на Фабриката,како и менаџментот прават максимални напори политиката на управување со ризик да биде сведена на најмала можна мерка.

Во прилог на ова е фактот што сите поголеми зделки Фабриката ги решава во директна врска со нашите партнери а зделките со заинтересирана страна преку наше учество како кооперант со други учесници на тендери во државата и надвор од државата.

## 4.Инвестиции и вложување во развој

Во однос на политиката на вложувања за одржување и за подршка на успешноста во работењето на друштвото можеме да кажеме дека во текот на 2021 година Фабриката има вложено 26.559.240,00 денари. Поголем дел од овој износ е вложен во набавка на опрема за редовно одржување и нормално одвивање на процесот на производство, и тоа:

Инвестиција во подземен вод од ЕСН 20кW далновод од Куманово 2 до РП во кругот на ФЗЦ-Производство 2 во изос од 2.626.682 денари.

За потреби на ОЕ Производство 2 во линија за Топло обликувани профили набавени се опрема за автоматизација на линија и изработка на машински делови со вкупна вредност од 3.813.430,00 денари, ПЛЦ Опрема за линија 610 и Аѓустажа во вредност од 2.105.579,00 денари, За потреби на ОЕ Производство 2 набавена и вградена е Средно Напонска опрема и Ниско Напонски развод во износ од 4.059.391,00 денари.

Довршено е и реновирање на управна зграда започната во 2020 година во вкупен износ од 9.995.396,00 денари.

Иако со оглед на неповолното глобално опкружување,кое влијаеше врз активноста на домашните компании пред се извозно ориентираните,во 2021годината менаџментот на фабриката донесе одлука за инвестиција во многу значајни проекти од кои како посебни ќе ги истакнеме склучниот договор со Логинг Електроникс за систем за мониторинг и евалуација на потрошувачката и квалитетот на електричната енергија,која како трошок за друштвото е значаен фактор.Придобивките од оваа инвестиција се долгорчни, следењето на квалитетот на електричната енергија во реално време и софтверското решение за потрошувачката, ќе придонесат за суптилни и точни анализи,сигурни и доверливи информации кои ќе му овозможат на менаџментот квалитетни одлуки во иднина.

Вториот позначаен проект,кој друштво го започна во 2021годината е имплементација на нов апликативен софтвер-интегрирано ЕРП решение, од

производство до сметководство, кое ќе придонесе за модернизација на протокот на целокупната документација.За овој проект подетално ќе говориме во наредната година,каде ќе можеме да ги опишеме придобивките и резултатите од навременото и квалитетно известување на менаџментот.

Изгледите за идниот развој на Фабриката и активностите во сферата на истражувањето и развојот меѓу себе се испреплетуваат и надополнуваат. Активностите во сферата на истражувањето и развојот се насочени пред се кон истражување на пазарите за изнаоѓање нови можности за примена на нашите производи па аналогно на тоа и изгледите за идниот развој се темелат на доопремување на опремата и усовршување на производната програма према барањата на пазарот.

## *5.Основни показатели во физички обем за остварено производство и реализација*

**ОПШТИ ОСНОВНИ ПОКАЗАТЕЛИ ВО ФИЗИЧКИ ОБЕМ**

| | | **2021 год** | **2020 год** | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1.Остварено производство | - | 3.186 тони | 14.761 тони | 22 |
| 2.Остварена реализација | - | 12.307 тони | 19.622 тони | 63 |
| Од тоа : Извоз | - | 7.108 тони | 11.716 тони | 61 |
| Домашен пазар | - | 5.199 тони | 7.906 тони | 66 |
| 3.Работна сила | - | 227 | 384 | 59 |
| 4.Продуктивност на трудот | - | 14.17 | 38.44 | 37 |

По неколкуте релативно добри години со висок процент на остварено производство по преземањето на фабриката од страна на мнозинскиот акционер, истото покажа зголемување .

Годината која што измина и претходната пред неа, предизвикаа остра болка врз глобалната економија. Намалената побарувачка,нестабилниот пазар и посебно негативните ефекти од пандемијата значајно влијаеа и врз нашето друштво. Како доказ за последиците од тоа се и бројките кои говорат за намалувањето на производството каде

што, 18,940тони остварени во 2019година беа за 29% нониски од 2018та,тренд кој продолжи во 2020година каде беше забележан пад од 22% и при тоа кулминарше во 2021година каде што се искажа драстично опаѓање од 78% споредбено со 2020година. Вкупниот обем од 3.186тони наспроти 14,761тон од 2020година јасно го предвидуваат негативниот финансикиот резултат кој го оствари друштвото.

Проценките и предвидувањата за 2022година во голема мера зависат од заздравувањето на европската економија како наш најзначаен партнер.Според проекциите на Европската централна банка,се предвидува раст од 4,2% кој заедно со поповолната конјуктура кај металите,позиитивно ќе влијае врз нашиот извоз.

**ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО ПО РАБОТНИ ЕДИНИЦИ ЗА 2021 ГОДИНА ВО ОДНОС НА 2020 ГОДИНА Е СЛЕДНОВО:**

| Ред Бр. | Работни Единици | 2020 год. | | 2021 год. | | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тони | % на учество | Тони | % на учество | |
| 1 | ВЦП | 2.030 | 14 | 554 | 18 | 27 |
| 2 | ВНЗЦ | 1.871 | 13 | 1.636 | 51 | 87 |
| 3 | ВСЦП | 10.860 | 73 | 996 | 31 | 9 |
| | **ВКУПНО** | **14.761** | **100** | **3.186** | **100** | **22** |

Погледнато по Работни единици во вкупно остварено производство од 3.186 тони РЕ ВЦП учествува со 18 %, РЕ ВНЗЦ со 51 % и РЕ ВСЦП со 31 %.

Производството во РЕ ВЦП во 2021 година во однос на 2020 година е намалено за 73%, а во РЕ ВНЗЦ намалено за 13 %. Во РЕ ВСЦП производството во 2021 година во однос на 2020 година е намалено за 91 %.

Производите од оваа РЕ, пред се , се наменети за познати купувачи по однапред склучени договори и тоа во најголем дел за земјите од Европската Унија,каде што веќе споменатите ефекти директно се одразија на намалување на побарувачката.

Имајќи ја предвид високата отвореност на нашата економија кон европските пазари, и специфичниот економски амбиент,неминовни се ваквите резултати.

## ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО ПО КВАРТАЛИ ВО ТЕКОТ НА 2021 ВО ОДНОС НА 2020 ГОДИНА

| | 2020 | | 2021 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| квартал | тони | % | тони | % | Индекс |
| I | 2.854 | 19 | 426 | 13 | 15 |
| I I | 2957 | 20 | 588 | 19 | 20 |
| I I I | 4.980 | 34 | 866 | 27 | 17 |
| IV | 3.970 | 27 | 1.306 | 41 | 33 |
| **ВКУПНО:** | **14.761** | **100** | **3.186** | **100** | **22** |

Доколку го анализираме оствареното производство по квартали во текот на 2021 година ќе забележиме дека во првиот квартал е остварено производство од 13 %, во вториот квартал 19 %, во третиот квартал 27 % и во четвртиот квартал 41 %.

Оствареното производство по квартали во 2021 година јасно упатува на економските случувања.Доказ за тоа се и бројките кои покажуваат огромен пад уште во првиот квартал на 2021год од 85%.

Продуктивноста на трудот е витален ресур и фактор за ефикасноста на производството,остварената продуктивност на трудот во текот во 2018 год. изнесува 48,48 тони цевки и профили по работник и во споредба со претходната година покажа намалување за 23 %. Во 2019 година продуктивноста на труд изнесуваше 40,13 тони цевки и профили по работник, која во споредба со 2018 година покажува намалување од 17%. Во 2020 продуктивноста на труд изнесува 38,44 тони цевки и профили по работник, што споредено со 2019 година значи намалување од 4%.

Продуктивноста на трудот продолжи да опаѓа и во 2021 година остварената продуктивност од 14.17 тони цевки по работник, во споредба со 2020 година покажува намалување од 63%. Дури и народна банка во извештај регистрираше раст на трошоците на трудот,а пад на продуктивноста што директно укажува на намалување на конкурентноста. Во услови на криза, растат трошоците по единица труд,а паѓа продуктивноста,ваквата погубна состојба се пресликува веќе некое време во секоја наредна година.

## ОСТВАРЕНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО РАБОТНИ ЕДИНИЦИ ЗА 2021 ГОДИНА ВО ОДНОС НА 2020 ГОДИНА Е СЛЕДНОВО:

| Ред Бр. | Р.Е | 2020 год. | | 2021 год. | | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тони | % на учество | тони | % на учество | |
| 1 | ВЦП | 3.476 | 18 | 754 | 6 | 22 |
| 2 | ВНЗЦ | 1.280 | 6 | 54 | 0,4 | 4 |
| 3 | ВСЦП | 11.993 | 61 | 8.666 | 70,6 | 72 |
| 4 | ОТПАД | 2.873 | 15 | 2.833 | 23 | 99 |
| | **ВКУПНО** | **19.622** | **100** | **12.307** | **100** | **63** |

Во вкупно остварената реализација во 2021 година производите од **РЕ ВЦП** учествуваат со 6 %, **РЕ ВНЗЦ** со 0.4 %, **РЕ ВСЦП** со 70.6 % додека продажбата од отпад учествува со 23 %.

## ОСТВАРЕНА РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2021 ВО ОДНОС НА 2020 ГОДИНА

| | **2020** | | **2021** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **тони** | **%** | **тони** | **%** | **индекс** |
| ИЗВОЗ | 11.716 | 60 | 7.108 | 58 | 61 |
| ДОМАШЕН ПАЗАР | 7.906 | 40 | 5.199 | 42 | 66 |
| **ВКУПНО :** | **19.622** | **100** | **12.307** | **100** | **63** |

Во текот на деловната 2021 година Фабриката оствари реализација од 12.307 тони цевки и профили што е за 37 % пониска од остварената реализација во 2020та година. Во споредба со оствареното производство, реализацијата е повисока за 386 % што укажува на тоа дека во 2021 година е продадено целосно ново оствареното производство и голем дел од залихата. Од вкупно остварена реализација од 12.307 тони цевки и профили, 7.108 тони или 58 % се продадени на странскиот пазар а 5.199 тони или 42 % се продадени на домашен пазар. Во споредба со 2020 година извозот е намален за 39 % а реализацијата на домашен пазар е намалена за 34 %.

Оваа година по изготвената годишна сметка за 2021 година Фабриката искажа негативен финансиски резултат .

## *6.Преглед на остварени економски-финансиски резултати во 2020та и 2021та година*

- 000 - ден.

| Ред Бр. | ЕЛЕМЕНТИ | 2020 год. | | 2021 год. | | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Износ | струк.% | Износ | струк.% | |
| | ***А. ПРИХОДИ*** | | | | | |
| | I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕ (1+2+3) | 926.416 | 99.84 | 694.425 | 99.86 | 75 |
| 1 | Приходи од продажба | 920.629 | 99 | 673.904 | 97 | 73 |
| 2 | Останати приходи | 5.787 | 1 | 20.521 | 3 | 355 |
| 3 | Капитализирани сопствени производи и услуги | 0 | | 0 | | 0 |
| | II. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 1.500 | 0.16 | 948 | 0.14 | 63 |
| | **ВКУПЕН ПРИХОД (I + II):** | **927.916** | **100** | **695.373** | **100** | **75** |
| | ***Б. РАСХОДИ*** | | | | | |
| 4 | Промена на залиха на готови производи и производство во тек | 21.354 | 2 | 319.991 | 40.05 | 1499 |
| 5 | Трошоци за суровини и други материјали | 612.594 | 58.9 | 216.563 | 27.13 | 35 |
| 6 | Трошоци за вработени | 166.215 | 16 | 105.757 | 13.25 | 64 |
| 7 | Амортизација | 32.852 | 3.1 | 34.210 | 4.3 | 104 |
| 8 | Останати оперативни расходи | 89.465 | 8.6 | 40.675 | 5.09 | 45 |
| 9 | Набавна вредност на продадени стоки, материјали и услуги | 81.055 | 8 | 62.951 | 7.9 | 78 |
| 10 | Вредносно усогласување на тековни средства | 3.158 | 0.3 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Финанскиски расходи | 32.345 | 3.1 | 18.208 | 2.28 | 56 |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **1.039.038** | **100** | **798.355** | **100** | **77** |
| 12 | Загуба /Добивка од редовно работење (А-Б) | -111.122 | | -102.982 | | |
| 13 | Данок на добивка | - | - | | | |
| 14 | Нето загуба/добивка за деловна година | -111.122 | 100 | -102.982 | 100 | 93 |
| 15 | Фонд за резерви | - | - | | | |
| 16 | Нераспределена добивка | - | - | | | |

Во деловната 2021 година Фабриката оствари вкупен приход во износ од 695.372.632,00 денари и во споредба со 2020 година е искажано намалување од 25 %.

Во структура на вкупниот приход во 2021 година најголемо е учеството на приходи од продажба со 97%, и во однос на 2020 година истите се помали за 27 %.

Во текот на деловната 2021 година остварени се расходи во износ од 798.354.962,00 денари и во споредба со 2020 година истите се помали за 23 %.

Во однос на остварениот вкупен приход вкупните расходи се поголеми за 15 % што води кон искажаната загуба на Фабриката за 2021год.

Во структура на вкупните расходи најголемо учество имаат трошоци направени во промена на готови производи и производство во тек со 40,05 % за потрошени суровини и други материјали со 27,13 %, вработени (бруто плата) со 13,25 %, набавна вредност на продадени стоки, материјали и услуги со 7,9 %, финансиски расходи со 2,28 %, амортизација учествува со 4,30 % и останати оперативни расходи со 5,09 %.

Потрошените суровини и материјали во 2021 година се помали за 65 % во однос на истите од 2020 година, што произлегува делумно од намаленото производство за 78 %, и делумно од зголемената набавна цена на репроматеријалот.

Бруто платите, кои се составен дел на цената на чинење на нашите производи и се надоместуваат од остварениот вкупен приход, во текот на 2021 година вкалкулирани се во износ од 105.756.730,00 денари и во однос на 2020 година се намалени за 36 %.

Амортизација на основни средства е извршена со примена на законски пропишани стапки и е пресметана во износ од 34.210.419,00 денари и како фиксен трошок во однос на 2020 година , зголемена за 4 %.

Останатите оперативни расходи во износ од 40.675.708,00 денари во 2021 година се помали за 55 % во однос на истите од 2020 година. Во структура на истите се останати трошоци од работење во кои спаѓаат останати нематеријални трошоци, трошоци за исхрана на работници, даноци и придонеси кои не зависат од резултатот, дневници за службени патувања, премии за осигурување, банкарски услуги и трошоци за платен промет, трошоци за репрезентација и др.

Набавната вредност на продадени стоки, материјали и услуги во износ од 62.950.732,00 денари во 2021 година е помала за 22% во однос на истите од 2020 година.

Финансиски расходи односно расходи по основ камати и курсни разлики остварени во деловната година се во износ од 18.207.710,00 денари, со учество од 2,28 % во вкупните расходи и во однос на 2020 година се помали за 46 %.

Остварениот вкупен приход во износ од 695.372.632,00 денари не ги покрива вкупно остварените расходи во износ од 798.354.962,00 денари при што следствено е остварена загуба во износ од 102.982.330,00 денари .

За да извештајот биде целосен, потребно е да ја оцениме квалитативната компонента на финансиската состојба на Фабриката врз основа на анализа на билансот на состојбата.

Финансиската стабилност на Фабриката ќе ја оцениме преку показателите на финансиската сигурност, степен на покриеност на постојните средства, степен на задолженост и други показатели.

## ПОКАЗАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ ЗА 2021 ГОДИНА

*1.Финансиска сигурност* = траен капитал / вкупни извори на деловни средства = 308.354.886 / 1.247.816.627 = 25 %

*2.Степен на покриеност* = траен капитал + долгорочни обврски x 100 / нематеријални и материјални вложувања = 340.425.078 x 100 / 476.656.089 = 71 %

*3.Степен на задолженост во однос на траен капитал* = Вкупен долг+ долгорочни обврски x 100 / траен капитал = 939.461.741 x 100 / 308.354.886 = 304,67 %

*4.Степен на задолженост во однос на вкупни средства* = Вкупен долг+ долгорочни обврски x 100 / вкупни средства = 939.461.741 x 100 / 1.247.816.627 = 75,28 %

| Ред. Бр. | П О З И Ц И Ј А | 2020 година | 2021 година | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Финасиска сигурност | 25 | 25 | 100 |
| 2 | Степен на покриеност на нематеријални и материјални вложувања | 90 | 71 | 79 |
| 3 | Степен на задолженост во однос на траен капитал | 307,92 | 304,67 | 99 |
| 4 | Степен на задолженост во однос на вкупни средства | 75,49 | 75,28 | 100 |

- Финансиската сигурност изнесува 25 %, и споредено со 2020 година останува иста.
- Степенот на покриеност на материјални и нематеријални вложувања со трајни и долгорочни извори изнесува 71% и во однос на 2020 година е понизок за 21 %.
- Степенот на задолженост на Фабриката искажан преку односот на вкупниот долг и траен капитал во деловната 2021 година изнесува 304.67 и во однос на 2020 година задолженоста на Фабриката е намалена за 3%.
- Степенот на задолженоста на Фабриката искажан преку учеството на вкупниот долг во вкупните средства за 2021 година е 75,28% и во однос на 2020 година задолженоста на фабриката преку овој показател е намалена за 0.21 %.

Од сите погоре анализирани показатели на финансиската стабилност се гледа дека во 2021 година Фабриката има се уште проблеми со ликвидноста .

Овој извештај за финаниската стабилност,се објавува во услови на пандемија Ковид-19,што е значаен фактор за економското опкружување. Ненадејниот застој ја втурна глобалната економија во длабока рецесија. Нашиот најзначаен трговски партнер-еврозоната бележи висок пад на економската активност што директно се одрази на домашната економија. Очекувањата за раст се проследени со висока независнот од времетраењето на пандемијата. Дополнителен фактор на ризик е ефикасноста на воведените мерки во ограничување на подолготрајни последици од кризата, како и идната динамика на финансиските услови и цените на примарните производи и способноста на економиите за приспособување на новонастанатите услови.

Извршен Директор
Мр.Војчо Нацевски

Фабрика за заварени цевки и профили Акционерско друштво 11 ОКТОМВРИ 1 Куманово